EUROPEAN UNION

Delegation of the European Union

Скопје, 11 април, 2012 година

**ДЕКАДА НА ВКЛУЧУВАЊЕ НА РОМИТЕ 2005 – 2015**

**МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ОПФАЌАЊЕ НА ПРОБЛЕМИТЕ НА ЛИЦАТА БЕЗ ДОКУМЕНТИ И ПРИСТАП ДО ПРАВА**

**11 април 2012 година**
**Холидеј ин**

Концепт на говор

Н.Е. Г-дин Аиво Орав,
Шеф на Делегацијата на
Европската Унија

**Почитувани Министри,**

**Амбасадори, претставници на меѓународната заедница,**

**Дами и господа,**

Задоволство ми е да ви се обратам на ваков значаен настан кој што се организира во рамките на Декадата на Ромите.

Европската Унија е тука за да ве поддржи.

Нашите политики помагаат во промовирањето на вклучување на Ромите и социјалната интеграција и тоа преку различни мерки во различни области. Фондовите на Европската Унија се главните финансиски механизми кои што ја поддржуваат социо-економската интеграција на Ромите.

Минатата година, Европската Унија организираше низа конференции за интеграција на Ромите во земјите од Западниот Балкан. Драго ми е што Владата ја организираше првата последователна средба во регионот.

Оваа средба се концентрираше на препораките за вработување, лица без документи, бегалци, домување, инфраструктура, како и образование. Ваквите средби претставуваат одлична можност за сеопфатен преглед на препораките поврзани со политиките, како и можност за размена на информации за нивото на напредок.

Ги поздравувам напорите на Владата да ги детектира лицата без личен број за идентификација.

Ромите беа и ќе останат приоритет за Европската Унија . Вршиме набљудувања и проценки на ситуацијата во ромската заедница и тоа во делот на политички критериуми од Извештајот за напредок. Како што можете да забележите, во последните години, Европската Унија увиде големо забавување во спроведувањето на Националната стратегија за Ромите.

Потребни се поефикасни мерки за интеграција на Ромите и тоа во сите земји. Во Извештаите за напредок објавени за земјите од кои потекнувате, Европската Унија многу јасно се изразува за спроведувањето на политиките поврзани со Ромите и изразува сериозна грижа за социјалниот и економскиот статус на Ромите.

Дами и господа,

Вклучувањето на Ромите е од корист за сите. Во вакви времиња на економски и финансиски предизвици, мора да се потсетиме дека инклузивниот раст останува предуслов за севкупниот успех на Европа во напорите да ја надмине кризата.

Кризата може да ја надминеме и да оствариме инклузивен раст ако на луѓето им дадеме моќ и тоа преку вработување, образование, борба против сиромаштија и изградба на кохезивно општество.

Меѓутоа, вистинскиот напредок на терен зависи и од самите Роми и нивното директно учество во сите нивоа на изготвување и спроведување политики. Ромите треба да ги здружат силите, без оглед на тоа на која граѓанска организација или локална политичка партија ѝ припаѓаат, па така да лобираат кај локалните и националните власти во предвид да ги земат нивните проблеми при подготовката на националните стратегии и реформи.

Дозволете ми посебно да истакнам колку е значајно обединувањето на ромските политички лидери и граѓанското општество на патот кон подобрување на ситуацијата на ромската заедница.

***Thank you, Благодарам, Oven saste***